Стрип 8 – Август – Загадување на реките и езерата

# ТЕРА
## и борците за промени

SALAR International
A part of the Swedish Association of Local Authorities and Regions




БАШ УЖИВАМ КОГА СУМ НА ПЛАЖА!
ДА, ВРЕМЕТО Е СУПЕР!
АЈДЕ ДА СИ КУПИМЕ СЛАДОЛЕД!
СЛАДОЛЕДОВ Е ПРЕВКУСЕН!
ПОГЛЕДНЕТЕ КОЛКУ ОТПАД, КОЈ ГО ОСТАВИЛ ТУКА?
И ОНАМУ ИМА НЕКОЕ ЃУБРЕ!
ТАМУ ИМА СТАКЛО, ВНИМАВАЈТЕ
ДА НЕ ЗГАЗИТЕ НА НЕГО!
ЕЈ, ПОГЛЕДНЕТЕ ОНАМУ!
ДА ОДИМЕ ПОБЛИСКУ!
МИСЛАМ ДЕКА ТОА Е ЖЕЛКА
КУТРАТА ЖЕЛКА, НЕ МОЖЕ ДА МРДА. ЗАРОБЕНА Е ВО РИБАРСКА МРЕЖА
ШТО ЧЕКАМЕ, АЈДЕ ДА ЈА ОСЛОБОДИМЕ!
ЖЕЛКАТА ТРЕБА ДА БИДЕ ВО ЕЗЕРОТО! ПЛИВАЈ СЛОБОДНО ПРИЈАТЕЛКЕ!
ПОГЛЕДНЕТЕ КОЛКУ ПЛАСТИЧНИ ЌЕСИ ИМА ВО ВОДАТА


СЕ ПРАШУВАМ КАКО РИБИТЕ ПЛИВААТ СО ТОЛКУ ОТПАДОЦИ ВО ЕЗЕРОТО
ПОГЛЕДНЕТЕ И КОЛКУ МНОГУ ПЛАСТИЧНИ ШИШИЊА
АЈДЕ ДРУШТВО, МОРА ДА НАПРАВИМЕ НЕШТО ЗА ДА ИМ ПОМОГНЕМЕ НА РИБИТЕ!
НО, ШТО МОЖЕ ДА НАПРА-ВИМЕ?
МОЖЕ ДА ГИ СОБЕРЕМЕ ОТПАДОЦИТЕ ОД ПЛАЖАТА ЗА ДА НЕ ЗАВРШАТ ВО ЕЗЕРОТО
ТОА Е СУПЕР ИДЕЈА! ДА СЕ ФАТИМЕ ЗА РАБОТА!
НА ПЛАЖАВА ИМА ЕДЕН КУП ОТПАД ШТО МОЖЕ ДА СЕ РЕЦИКЛИРА – ПОГЛЕДНЕТЕ КОЛКУ МНОГУ ПЛАСТИЧНИ ШИШИЊА
ДА ГИ ФРЛИМЕ ВО КОНТЕЈНЕРОТ ЗА ПЛАСТИЧЕН ОТПАД!
СЕГА МОЖЕ ДА УЖИВАМЕ НА ЧИСТА ПЛАЖА!
ЕЗЕРОТО, ЖЕЛКИТЕ И РИБИТЕ ЌЕ НИ БИДАТ БЛАГОДАРНИ!
МАЛИТЕ ПРОМЕНИ МОЖЕ ДА НАПРАВАТ ГОЛЕМИ РАЗЛИКИ

# Совети за родителите

Целото семејство може да научи нешто повеќе за загадувањето на езерата преку неколку едноставни чекори:

- **Дискутирајте:** Зборувајте со децата колку е важно да исчистат зад себе кога одат на пикник или на плажа. Објаснете им дека отпадоците што не се собираат и рециклираат, може лесно да завршат во реките или езерата.
- **Бидете пример:** Однесете ги децата на прошетка на плажа и покажете им зошто е важно да ја чуваме природата наместо да фрламе отпадоци.
- **Креирајте свесност**: Објаснете им на децата како загадувањето и отпадоците во езерото влијаат врз синџирот на исхрана. Ако рибата изеде пластика, а ние ја изедеме рибата, е исто како и ние да сме ја изеле пластиката од езерото.
- **Создадете услови:** Помогнете им на децата да соберат отпадоци од плажите и езерата за да ги зачуваме овие природни убавини чисти и незагадени. Објаснете им дека никогаш не треба да ги собираат отпадоците со раце. Купете им алатки за собирање отпадоци и играјте „Бинго со отпадоци“.

# Забавна активност за најмладите

Ајде да играме „Бинго со отпадоци“! Отидете покрај некое езеро или река со вашите родители и видете колку од следните предмети може да соберете и фрлите во канта за отпадоци.

Пластично шише; Ќесе од грицки; Лименка; Хартија од благо; Пластична виљушка; Пластично ноже; Пластична лажица; Цевка за пиење; Пластична ќеса; Конзерва; Хартиена чаша.

Запомнете никако да не го допирате ѓубрето со раце, бидејќи е валкано.




Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

The European Commission support for the production of this publication does not constitute an endorsement of the contents which reflect only of the authors, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.